*Александар ПАВЛЕСКИ*

***УДК: 327.36.001(100)***
Прегледен труд

# КОНЦЕПТОТ ЗА МИР ВО ТЕОРИЈАТА ЗА МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

***Кратка содржина:***

*Развојот на концептот за мир, тесно е поврзан со развојот на концептот за државата и оттука и со настојувањата да се елиминира војната како инструмент за разрешување на споровите помеѓу државите. Во тој контекст, војната и мирот традицонално се третираат како меѓусебно исклучувачки концепти, т.е. војната имплицира насилство, додека мирот, ненасилство. Значи, престанокот на војната го означува почетокот на мирот и обратно. Затоа и двата концепти, истовремено претставуваат неизбежни исходи на континуираната и динамична природа на социјалната интеракција во меѓународниот систем, навестувајќи идна војна на нациите и државите кои моментално се во мир и од друга страна, навестувајќи мир на нациите и државите кои моментално се во војна. Тргнувајќи од посоченото традиционално сфаќање на концептите за мир и за војна, како и од фактот дека етаблирањето на мировните истражувања започнува во 80-тите години на XX век, фокусот во трудот е конкретно ставен на анализа на концептот за мир низ призмата на теоријата за меѓународни односи. Имено, неспорно е дека до етаблирањето на мировните и безбедносните истражувања и студии, прашањата за мирот и безбедноста, генерално се разгледуваат и толкуваат во рамките на различните теориски правци за меѓународните односи. Оттука, трудот поконретно го истражува еволутивниот карактер на перцепциите и разбирањето на концептот за мир, посебно од аспект на: федерализмот, неореализмот, либерализамот и функционализмот. Целта е да се даде одговор на прашањето – Што претставува и како може да се достигне мирот, согласно со посочените теориски правци?*

**Клучни зборови:** *мир, федерализам, неореализам, либерализам, функционализам.*

**Вовед**

За појавата на концептот на мир по Вествалскиот мировен договор (1648) и раѓањето на Европа како континент на суверени држави, Михаел Хауард истакнува дека станува збор за периоди на мир кои ги заменуваат периодите на војна (Howard, 1983). Од овој аспект, произлегува дека мирот се однесува на надворешната арена и на меѓународното опкружување во кое насилството се случува помеѓу границите на државите. Оттука, прашањето за тоа како да се воспостави мирот помеѓу државите, претставува сериозен предизвик за скоро сите теориски правци кои ги објаснуваат меѓународните односи. Покрај тоа, истражувањето на концептот за мир претставува сериозен предизвик и за самите мировни истражувања, чијшта афирмација посебно се зголемува во 80-тите години на минатиот век, како резултат на зголемената грижа на меѓународната заедница од заканата за нуклеарна војна и од скептицизмот во однос на апликативноста на традиционалните пристапи за националната безбедност во нуклеарна ера.

Во суштина, мирот и безбедноста претставуваат два амбициозни концепти коишто, посебно по завршувањето на Студената војна, предизвикуваат сериозни научни и политички дебати. Контрадикциите кои произлегоа од овие дебати, претставуваат продолжение на традиционалната дебата помеѓу претставниците на реалистичката и идеалистичката школа. Имено, додека во рамките на науката за меѓународните односи (и реалистичкото толкување), мирот вообичаено се поставува како консеквенца на безбедноста, во рамките на мировните студии (и идеалистичкото толкување), концептот за мир ги надминува елементите на традицоналното (негативно) сфаќање на безбедноста. Поконретно, мирот се толкува како предуслов за безбедноста, а не како нејзина последица. Всушност, концептот за мир ја апсорбира безбедноста и се доконцепира со вклучување на пошироките општествени вредности.

Во таа насока, мировните истражувања сè повеќе се перципираат како вредносно ориентиран, мултидисциплинарен пристап и размислување за мирот (Георгиева, 2007). Имено, истражувачите на мирот сè повеќе ставаат акцент на позитивните вредности и аспекти на мирот, коишто го надминуваат традиционалното толкување на мирот како „отсуство на војна“ (коешто посебно преовладува во реалистичката теорија за меѓународни односи). Во оваа насока, мирот сè повеќе се анализира и толкува од аспект на социјалната правда, позитивните меѓучовечки и меѓудржавни односи, демократските вредности, одржливиот развој и сл. Тоа значи дека се прошируваат димензиите на студиите за мир над директното, физичко насилство и ги вклучуваат формите на психолошкото, структурното и насилството врз природата. Во оваа насока, Јохан Галтунг, зборува за „негативен мир“ сфатен единствено како отсуство на директно насилство, т.е. отсуство на војна и за „позитивен мир“, сфатен како отсуство на структурно насилство (Galtung, 1969). Терминот „структурно

насилство", се воведува од причина што насилството и неправдата можат да произлезат и од структурни нееднаквости во општествата и во државите. Оттука, позитивниот мир претставува синоним за соодветната концепција на т.н. „добро општество", т.е. општество коешто е праведно и во коешто луѓето можат да ги остварат своите вистински потенцијали (Mack, 1991).

Наспроти посочените толкувања на миротво рамките на мировните истражувања како „позитивен мир" и „негативен мир", прашањето за мирот и неговото значење заземаат значајно место и во рамките на теоријата за меѓународни односи. Всушност, пред појавата на мировните истражувања и студии, ова прашање е генерално анализирано во рамките на оваа теорија, па оттука, во делот што следува вниманието на трудот е насочено кон истражување на толкувањето на мирот од аспект на неколку различни теориски правци за објаснување на меѓународните односи.

**Федерализам и концептот за мир**

Германскиот филозоф, Јоханес Алтусиус, како еден од првите теоретичари според кој федералниот договор претставува основен фактор за креирање на една широка (мироѕубива) заедница, ја застапува тезата дека власта на повисоките центри, мора да претставува израз на власта од пониските центри, т.е. дека таа се конституира „од долу" кон „горе", а не како резултат на помош од одредена централизирана сила „од горе" (Elazar, 1990). Сепак, при ваквото договорно обединување, Алтусиус, ја истакнува потребата за воспоставување на механизам за ограничување и оневозможување на концентрирањето на власта во еден центар на моќ. Оттука, тој суверенитетот го поврзува со поимот народ, сметајќи дека не треба да се говори за државен суверенитет бидејќи државата претставува општонароден сојуз во рамките на кој врховната, неделивата и неотуѓивата власт, му припаѓа единствено на народот (Elazar, 1990).

Прашањата за мирот и безбедноста во рамките на овој теориски пристап, Чарлс Монтескије, ги анализира од аспект на самите облици на државно уредување. Во тој контекст, според него за монархијата карактеристичен е духот на војната и зголемувањето на територијата, додека за републиката, карактеристичен е духот на мирот и умереноста (Monteskije, 1989).

Жан Жак Русо, ја промовира идејата за политичка асоцијација на државите, т.е. според него по крајот на апсолутизмот ќе настапи период на вечен мир како резултат на формирањето на една европска држава со европско собрание и одреден вид на меѓународен суд (Stanford Encyclopedia of Philosophy). Идејата за вечен мир, поконкретно ја разработува германскиот филозоф Имануел Кант, кој како неопходни предуслови за конечно и темелно воспоставување на светскиот мир, ги посочува: напредните/прогресивни граѓански устави („граѓанскиот устав во секоја држава треба да биде републикански"); фереализмот преку обединување на слободните држави во сојуз на мирот („меѓународното

право потребно е да се заснова на федерализмот на слободните држави“); и интернационалната гостопримливост („светското грашанско право потребно е да се заснова на федерализмот на слободните држави“). Кант, всушност предлагал креирање на супранационална федерација на суверени држави која би имала моќ да ги регулира меѓународните односи и со тоа да ја спречи војната и да го одржува мирот (David, 1998). Сепак, до остварувањето на вечниот мир, човештвото според Кант, континуирано ќе биде или во состојба на војна или во состојба на воено примирје (или т.н. негативен мир од аспект на мировните истражувања), па затоа за државите во нивните меѓусебни односи постои само еден прифатлив, разумен пристап за надминување на таквата состојба, а тоа е формирањето на „меѓународна држава“ (civitas genitum), која ќе се проширува сѐ додека не ги опфати сите народи на светот (Kant, 1936). Низ призмата на федерализмот, Кант всушност настојувал да ги утврди темелите за воспоставување на светски поредок базиран врз правото, во чија суштина би бил „категоричниот императив“, дека повеќе не смее да се војува. Карактеристично за посочениот период е дека светскиот мирољубив поредок се сфаќа унитарно, бидејќи во него државите ја губат суверeноста, т.е. сопствената автономија. Оттука, многу порано од формирањето на Лигата на народите и на ООН, Кант се залагал за воспоставување на сојузи помеѓу народите, како единствени институции кои можат да ги сочуваат нив од вечните воени судири. Притоа, за мирот кој не може да се оствари без меѓународен договор, Кант, предлагал формирање на посебен, т.н. „сојуз на мирот“ (Kant, 1936).

Генерално, идејата за вечниот мир, Кант, не ја перципира како проблем на владетелите, туку како проблем на народите и во тој контекст, посочува три основни инструменти против војната:

- трговија – трговскиот дух на секој од народите без разлика на временскиот период во кој се интензивира, неспоив е со војната. Оттука, развојот на трговијата ќе продуцира елиминирање на војните, при што според Кант, пацифизмот е највисокиот стадиум на капитализмот;
- демократски морал – мирот, според Кант претставува голема моќ, меѓутоа не моќ на владетелите, туку на народите, па оттука монархиските режими претставуваат закана за мирот; и
- јавноста – тајните преговори ги олеснуваат војните, додека демократските режими го јакнат мирот. Затоа, според Кант, енергијата мора да се насочи кон развој на демократијата кај сите народи во светот (Kant, 1936).

Наспроти погледите на Кант за надминувањето на војните и воспоставувањето на (вечниот) мир преку обединување на народите и на државите, во периодот на XVIII и XIX, присутни се и други карактеристични идеи за федеративно обединување. Имено, англискиот филозоф, Џереми

Бентхам, својата идеја за европска федерација ја базира на две клучни компоненти: намалување на оружјето и еманципација на зависните територии од тогашните колонијални сили. Од друга страна, идејата на Пјер Жозев Прудон, била насочена кон воспоставување на универзална федерација на држави, заснована врз правото на општествените договори. Имено, федералниот договорспоред него претставува систем во кој не постои само заемно и двострано обврзување помеѓу учесниците, туку истовремено со неговото формирање, тие (учесниците) обезбедуваат повеќе права, слободи и авторитет за разлика од оној којшто го даваат. Притоа, тој потенцира дека федералниот принцип има универзален домет, т.е. дека федералниот систем е применлив за сите нации и епохи (Proudhon, 1863). Во тој контекст, помирувањето помеѓу народите мора да биде дводимензионално, т.е. на: економски план – преку заемното поврзување и на политички план – преку воспоставувањето федерација. За да се постигне тоа, според Прудон, неопходно е секогаш надлежноста на сојузната власт да биде помала од власта која за себе ја задржуваат составните делови.

Генерално, во рамките на идејата на федерализмот, мирот се толкува низ призмата на интеграцијата на државите во облик на меѓународно здружување, кое иницира нивни отстапки на планот на нивната национална сувереност, а во полза на една меѓународна творба со федерален карактер (Axford et all, 1997). Всушност, федерализмот подразбира создавање на федерални институции кои би го олесниле процесот на обединување на различните народи, на јакнење на нивните заеднички ставови и на развојот на чувството на заедништво (вклучувајќи ги и воените и политичките сили), како и на воспоставувањето на заеднички правен систем како најдобар метод за обединување на луѓето коишто веќе имаат одредени заеднички особини (како јасикот или културата), но и заедничко географско опкружување, иако живеат во одвоени држави (De Vree, 1972). Всушност, крајната цел е креирање на единствена целина и единствена влада од претходно одвоени делови, т.е. субјекти, што значи достигнувањето на мирот е возможно единствено преку обединување.

**Неореализам и концептот за мир**

Кенет Волц, како еден од највлијателните застапници на неореализмот, во објаснувањето и сфаќањето на војната и на мирот, употребува три слики, т.е. претстави за меѓународните односи: човекот, државата и системското ниво на државите. Притоа, од аспект на првата претстава, причините за војната и за мирот, Волц ги детектира во човековата природа, понатаму, од аспект на втората претстава во карактерот на поедини држави, додека од аспект на третата претстава, истакнува дека поединците и државите се непосредни и причините за војната и за мирот, произлегуваат од системското ниво на државите. Во однос на првата претстава, американскиот политички мислител, Александер Хамилтон,

истакнува дека човекот по природа е егоистично суштество со природно развиени непријателски тенденции кон соседните субјекти и држави, па оттука, државите кои ги почитуваат моралните норми во меѓународните односи, нужно се предодредени да ги „жртвуваат" сопствените интереси. Според италијанскиот социолог и политички теоретичар, Вилфердо Парето, сите човечки и државни вредности се сведуваат на материјалните добра, моќта и власта и во таа насока останатите вредности претставуваат само стремеж кон нивното достигнување (Pareto, 1967).

Според Волтц, објаснувањето на меѓународните односи само низ призмата на првата и на втората претстава е редукционистичко од причина што непосредните причини за војната се променливи (различни типови држави и државници), додека исходот (војната) претставува константна карактеристика на меѓународните односи (Waltz, 1979).

Оттука, преку разликувањето на трите посочени претстави, воспоставени се елементите за разликување на класичниот, т.е. традиционален и новиот реализам. Според класичните реалисти (Х. Моргентау, Р. Арон), основната причина за судири и војна, произлегува од вродената човекова желба за моќ и доминација, па оттука, меѓународните односи се објаснуваат низ призмата на надворешната политика и односи на поедини држави и државници (Morgentau, 1978). Имено, според Моргентау, стремежот за мож претставува основна карактеристика на меѓународната политика, па затоа како и секоја друга политика и оваа политика нужно претставува т.н. „политика на сила". Оттука, стратегијата и дипломатијата во надворешните односи на државите, претставуваат само два вида на стремежи/борби кои меѓусебно се дополнуваат во постигнувањето на најголемиот можен капацитет на моќ. Притоа, помеѓу националните држави кои настојуваат да ја зголемат својата моќ, се воспоставува рамнотежа на сили која претставува единствен реалистичен начин за оддржување на мирот. Во такви услови, според Моргентау, меѓународното право и принципи, немаат никакво влијание во меѓународните односи (Morgentau, 1978).

Наспроти првата и втората, во објаснувањето на меѓународните односи, Волтц, тргнува од третата претстава. Конкретно, според него, меѓународната политика претставува систем составен од две нивоа кои се во интеракција и тоа: структурно ниво (збир на ограничувачки услови) и ниво на основни системски единици (држави). Притоа, дејството на системската структура врз единиците на системот претставува предмет на интерес на меѓународната политика, додека однесувањето на единиците како одговор на структурните влијанија, претставува предмет на интерес на надворешната политика (Waltz, 1979).

Анархијата во теоријата на Волтц, не подразбира хаос, континуирано насилство и деструкција, туку отсуство на формално уредени односи на надреденост и подреденост, како и отсуство на централна власт со монопол за употреба на сила. Квалитативната разлика помеѓу внатрешната, т.е.

националната и меѓународната политика, не произлегува како резултат на употребата или неупотребата на сила, туку пред сè, од постоењето на различни организациски модели на одговор при употребата на сила. Оттука, националната политика според Волтц, претставува хиерархиска, вертикална, централизирана, хетерогена, насочена и осмислена област на власт, администрација и закони, додека меѓународната политика претставува анархична, хоризонтална, децентрализирана, хомогена, ненасочена и заемно-адаптивна област на моќ, борба и прилагодување (Waltz, 1979).

Според неореалистите, меѓународната соработка тешко се воспоставува и реализира, а уште потешко е истата и да се оддржи. Анархичната структура на меѓународната политика иницира два основни проблеми за државите кои одлучуваат да стапат во кооперативен ангажман: 1) проблемот од т.н. неизвршување на кооперативните обврски; и 2) проблемот од т.н. релативна добивка, или нужноста за споредување на добивката на учесниците во кооперативниот ангажман. Оттука, Волтц истакнува дека во анархичните меѓународни односи не може да стане збор за автоматска хармонија, од причина што тенденцијата кон индивидуалниот интерес го надминува заедничкиот интерес на актерите во кооперативниот ангажман.

Проблемот кој се однесува на неминовното споредување на релативната добивка од учеството во кооперативниот ангажман, Волтц го објаснува и низ призмата на опстанокот, т.е. безбедноста, мирот и развојот. Имено, во системот на самопомош секој од актерите, дел од своите напори освен за унапредување на сопствените добра, вложува и за обезбедување на средства за заштита од другите. Затоа, државите посебно внимание посветуваат и на начинот на кој нееднаквоста од распределбата на добивката од меѓународната соработка, ќе влијае врз состојбата на нивниот мир и безбедност. Всушност, кога се соочени со можноста за соработка заради остварување заемна корист, оние држави кои се чувствуваат несигурно, мораат да знаат како ќе биде распределена самата „добивка“. Затоа, во нивниот фокус на интерес е прашањето – Кој ќе добие повеќе од распределбата на добивката? Тоа од причина, што дури и можноста за вкупна голема добивка за двете страни нема да продуцира соработка, доколку секоја од страните стравува за начинот на кој ќе биде искористена добивката, т.е. за т.н. „зголемена способност“ на другата страна. Значи, несигурноста во поглед на идните намери и активности на другите субјекти, влијае негативно врз соработката помеѓу државите (Waltz, 1979).

Како резултат на претходно посоченото, во рамките на овој теориски пристап, меѓународните институции немаат или се со ограничено влијание врз однесувањето на државите во меѓународните односи. Ова е посебно карактеристично за однесувањето на моќните држави кои водени од сопствените интереси можат да ги игнорираат правилата на однесување или да ги сменат формите на договорот доколку истиот не ги исполнува

(нивните) очекувани резултати или добивки. Затоа, неореалистите истакнуваат дека меѓународните институции претставуваат рефлексија на дистрибуцијата на сила и дека всушност големите сили доминираат врз сојузите и институциите. Тоа значи дека големите сили ќе бидат приврзани кон институциите само доколку можат да ги реализираат нивните национални интереси. Во спротивно, тие можат да го намалат своето учество или пак да ги отфрлат обврските во рамките на институциите.

Во однос на промените кои настанаа по Студената војна, претставниците на овој правец истакнуваат дека во меѓународните односи ништо специфично не е сменето затоа што борбата за моќ и влијание и понатаму е присутна. Државата која традиционално се перципира како централна и кохезиона единица на меѓународниот систем, според нив сè уште има доминантна позиција. Таа ги определува релациите со надворешниот свет врз основа на своите национални интереси и го штити и брани својот суверенитет од можните негативни надворешни активности на другите држави. Можноста за соработка во такви услови е ограничена, затоа што воените и одбранбените прашања заземаат централно место. Во таа насока, еден од најекспонираните неореалисти на почетокот од 90-тите години на XX век, Џон Маршајмер, посочува дека анархичните меѓународни односи се крајно опасни за државите, поради што тие треба да се потпираат на сопствените одбранбени способности (Mearsheimer, 1990).

***Либерализами концептот за мир***

Наспроти реалистите, чијшто пристап во објаснувањето на меѓународните односи се базира на прашањето за моќта и силата, либералните теоретичари го истакнуваат значењето на меѓународните институции во оваа сфера. Всушност и за либералната теорија, прашањето за моќта не може целосно да се изостави во објаснувањето на меѓународните односи, но за разлика од реалистите кои цврсто стојат на ова прашање, вниманието на либералните теоретичари пред сè е насочено кон меѓународните институции, но не како начин за елиминирање на проблемот за дистрибуција на моќта, туку како начин за спроведување на ефикасно управување и насочување на таа дистрибуција.

Според Антони МекГру, либерализмот во теоријата на меѓународните односи се поврзува со филозофијата на либерализмот и интернационализмот, во смисла на промоција на транснационалните активности, остварувањето на глобалната солидарност и развојот на глобалниот управувачки систем (McGrew, 2002). Либерализмот како политичка филозофија и либералниот институционализам како теорија на меѓународните односи, единствено се поврзани само доколку човековите слободи се перципираат како универзална вредност, при што едното нужно не имплицира на другото, т.е. не се сите либерали истовремено и интернационалисти, ниту пак сите интернационалисти се и либерали.

Либерланиот интернационализам во теоријата на меѓународните односи, Мек Гру, го објаснува преку примерот на т.н. концентрични кругови, т.е. со тезата дека со заемното унапредување на динамиката на транснационалните економски интеграции, со ширењето на либералната демократија и со развојот на меѓународниот управувачки систем, може да се надмине војната како инструмент на меѓународната политика (McGrew, 2002). Оттука, произлегува дека ефектите од анархичната структура, можат да се надминат преку ширење на: капиталистичката економија, либералната демократија и меѓународните институции.

Во рамките на либералниот институционализам, развиени се неколку клучни дискурси, како: теоријата за демократски мир, либералниот реформизам и либералниот коспополитизам. Карактеристично за првиот дискурс, е сфаќањето дека либералните демократии меѓусебно не војуваат и дека ширењето на демократијата придонесува кон мир во светот (Waltz, 2000). Фокусот на либералниот реформизам е ставен на идејата за глобална власт низ призмата на мрежи од мултилатерални институции со ООН како централна институција, додека, либералниот космополитизам упатува радикална критика на постоечкиот светски поредок и во тој контекст ги истражува можностите за остварување на глобална, социјална правда насочена кон благосостојбата на поединците. Со ваквиот пристап, меѓу другото се креира и една поширока слика за мирот, не само како отсуство на војна, туку негово перцепирање и низ призмата на социјалната правда.

Во однос на прашањето за ефектите од соработката врз унапредувањето на меѓусебната доверба како еден од аспектите на мирот, Данкан Снидал, истакнува дека зголемувањето на бројот на државите во кооперативниот систем, го намалува интересот за релативната добивка, бидејќи на тој начин се отвора можноста за сопствена заштита преку формирањето на коалиции. Имено, според него релативната добивка е значајна во ситуации кога постојат два актери во системот или пак кога постојат значајни асиметрии во системот со повеќе актери (Snidal, 1991).

Ова упатува на констатацијта дека слично како и кај реалистите, така и помеѓу институционалистите прифатена е идејата дека соработката помеѓу државите е возможна само доколку тие имаат одредени заеднички интереси. Сепак, институционалистите идентификуваат многу повеќе интереси на државите за соработка, кои од една страна се мотивирани за постигнување на заедничка, апсолутна добивка, како и од елиминирањето на нужната потреба за споредување на истата, од друга страна.

Во однос на новонастанатото меѓународно опкружување во периодот по Студената војна, Френсис Фукујама, истакнува дека бројните западноевропски економски и безбедносни институции кои се базираат врз принципите на либералната демократија, се всушност главните субјекти/актери кои ја иницираа трансформацијата на меѓународните односи (Fukuyama, 1992). Оттука, според институционалистите, безбедноста и мирот во меѓународните односи не се состојат единствено во одржувањето

на воената моќ и во рамнотежата на силите, туку во интегративните процеси помеѓу државите кои создаваат висока меѓузависност помеѓу нив, при што принципот на сувереност (кој е доминантен кај неореалистите), ја губи својата неприкосновеност. Во тој контекст, Квинсли Врајт, посочува дека рамнотежата на моќ како инструмент за оддржување на мирот е неприфатлива бидејќи државите не пристапуваат со искрени намери кон истата. Напротив, целта на таквиот пристап произлегува единствено од можноста тие да ја зголемат својата моќ и откако ќе го постигнат тоа, да ја променат рамнотежата во сопствена корист (Wright, 1953). Затоа, според него неопходно е да се формираат институции коишто ќе се базираат врз принципите на хуманоста и човековите права и во таа насока од меѓународните односи да се елиминираат оние институции кои ги загрозуваат посочените принципи.

Во овој контекст, институционалистите се залагаат безбедносните режими да се развијат во безбедносни заедници за да можат ефикасно да одговорат на безбедносните предизвици, какви што се: конфликтите, миграциите, криминалот и сл., како и да се унапредат човековите права, социјалната правда и демократијата (Георгиева, 2007).

**Функционализам и концептот за мир**

Фокусот на функционалистичката теорија, ставен е на техниката на интеграциите и нивната институционализација, заради обезбедување на хоринзонтална поврзаност помеѓу народот и државата. Во тој контекст, суштината на функционалистичкото интегрирање на суверените држави е интеграција по сектори, т.е. во различни области од заедничкото делување и заедничките интереси. Притоа, процесот на функционална интеграција се одвива постепено, со крајна цел поврзување на сите сектори од заедничкото делување во една целина. Во рамките на овој теориски правец, концепцијата на меѓународните интеграции се базира врз стремежот за заедничко задоволување на потребите и интересите на наднационална основа, со проширување на областите на меѓународната соработка и обезбедување на мирот преку надминување на традиционалниот суверенитет. Во тој контекст, според функционалистите, меѓународниот систем претставува збир на односи помеѓу одреден број на функции кои ги реализираат одреден број на меѓународни актери.

Во објаснувањето на меѓународните односи, еден од најпознатите функционалистички теоретичари, Дејвид Митрани, тргнува од ставот дека неопходна е замена на дотогашниот систем на односи кој продуцирал судири, со нов систем на мироъубиви односи, при што главниот предизвик е во пронаоѓањето на заеднички активности за негово воспоставување (Mitrany, 1996). Оттука, тој вниманието го насочува кон неполитичките врски и релации кои се воспоставуваат преку функционална соработка, пред сѐ, во економската и социјалната сфера. Во тој контекст, стабилниот светски мир, на најдобар начин може да се одржи и унапреди, само

доколку државите се ангажираат околу заедничките функционални потреби (Braillard, 1974).

Според Митрани, прашањата кои се однесуваат на: сообраќајот, здравството, научната соработка, културните активности и трговијата, претставуваат алтернативни области кои нудат прифатливи можности за релативно лесно соединување на државите и нивно насочување кон заедничка соработка (Mitrany, 1996). Основната идеја на функционализмот е дека во општествените односи предност треба да има соработката наспроти конфликтите и дека луѓето можат да ја контролираат сопствената судбина преку еволутивни постапки и чекори кои ќе водат кон помирен и подобро уреден свет.

Всушност, во отсуство на ефективни наднационални политички субјекти, функционалното единство во реализацијата на сообраќајните, здравствените, културните, трговските или други цели, постепено би продуцирало реализација на заедничките цели во низа други области, при што резултатите од соработката ќе влијаат позитивно врз напорите за оддржување на општиот мир. Притоа, по почетните позитивни резултати и натамошното јакнење на соработката во повеќе сфери, државите ќе пристапат кон трансфер на нивните овластувања на координаторите и носителите на таа соработка, т.е. на специјализираните меѓународни организации, со што освен унпаредување на светскиот мир, ќе се креираат и можности за подобро разбирање и евентуална реализација на повисоки облици на меѓународна соработка. Конкретно, преку решавање на основните предизвици на светскиот развој, како: неразвиеноста, сиромаштијата и нееднаквоста помеѓу народите, според функционалистите ќе се креира едно целосно функционално меѓународно општество, во чии рамки наместо околу териториите, основните единици ќе се соединуваат околу функциите. Таквото соединување помеѓу актерите околку функционалните прашања и проблеми, на крај треба да продуцира и поголема меѓусебна доверба и соединување и помеѓу политичарите, т.е. помеѓу политиките на државите (Mitrany, 1996). Значи, областите за ефикасна функционална соработка, Митрани, ги лоцира во сферата на т.н. „ниски политики" на економско-социјалниот живот. Затоа, просперитетот остварен преку глобалната економска интеграција, се перципира како значаен предуслов за стабилниот и мирољубив меѓународен систем, при што економското соединување, конечно може да иницира и политичко соединување.

Сепак, во однос на посочениот пристап, неминовно присутна е дилемата дали јакнењето на соработката околу поедини функции, нужно продуцира и отстранување на сите разлики помеѓу државите, како и тоа дали развојот на соработката во одредени области, по автоматизам иницира развој на општата соработка во сите полиња. Дополнително, во современите меѓународни односи, тешко остварливо е одвојувањето на политичката од економската сфера, од едноставна причина што

политичките проблеми се присутни во речиси сите области од човековото делување.

**Заклучок**

Анализата во трудот ја потврдува сложената природа на концептот за мир, која меѓудругото се должи и на различните толкувања на овој концепт, како во рамките на самите мировни истражувања, така и во рамките на теоријата за меѓународни односи. Сепак од денешна перспектива, анализата во трудот исто така потврдува дека различните толкувања на концептот за мир во рамки на теориите за меѓународни односи од една страна, можат да се доведат во корелација со толкувањата за позитивен и негативен мир во рамки на мировните истражувања од друга страна. Имено, несомнено е дека толкувањето на мирот во рамките на реалистичката теорија може да се доведе во корелација со толкувањето за негативниот мир, додека толкувањата на федерализмот, либерализмот и функционализмот се повеќе компатибилни со толкувањето за позитивниот мир во рамките на мировните истражувања.

Конкретно, анализата во трудот покажува дека реалистичкиот пристап нуди т.н. „елитен" и негативен мир, базиран врз инхерентност и рамнотежа на силите помеѓу личните интереси на државите. Претпоставката на реалистичката теорија е дека човековата природа е насилна и затоа неопходно е истата да биде добро дизајнирана и институционализрана во рамките на државите како основни субјекти на меѓународниот систем. Притоа, според реалистите, заканите за мирот и безбедноста произлегуваат од војната, која пак е резултат на анархичните меѓународни односи и на однесувањето на државите во таквото опкружување, па оттука решението за справување и одвраќање на заканите се гледа во воспоставувањето систем за рамнотежа на силите, или во нуклеарното застрашување. Оттука, реалистите сметаат дека мирот може да го воспостави единствено победникот во анархичните меѓународни односи, што значи дека станува збор за верзија на мирот која е привилигиран концепт за моќните држави, кои доколку имаат интерес ќе го имплементираат истиот.

Од друга страна, како што покажува анализата, идејата на федерализмот подразбира интеграција на државите во облик на меѓународно здружување, а кој иницира нивни отстапки на планот на нивната национална супереност во корист на еден меѓународен субјект, со федерален карактер. Значи, наспроти претходното реалистичко, нужно натпреварување помеѓу државите базирано врз силната врска со нивниот суверенитет и национални интереси, претставниците на федерализмот решението за воспоставување помиролјубиви меѓународни односи, го бараат и предлагаат во обединувањето на државите кое ќе иницира јакнење на нивните заеднички ставови и развој на чувството за заедништво (вклучувајќи ги и воените и политичките сили), што пак надополнето

со воспоставувањето на заеднички правен систем, треба да овозможи ефикасно справување и надминување на ризиците и заканите за мирот.

Наспроти, „негативното“ реалистичко толкување на мирот, претставниците на либерализмот, посебно на либералниот институционализам, решението за проблемите во меѓународните односи, го гледаат во унапредувањето на транснационалните економски интеграции, во ширењето на либералната демократија и во развојот на меѓународен управувачки систем. Во тој контекст, соработката помеѓу државите во рамките на меѓународниот управувачки систем, ќе иницира и развој на нивната меѓусебна доверба, што во крајна линија треба да овозможи и мирно решавање на споровите и проблемите во меѓународните односи. За да се обезбеди тоа, во суштината на либералните толкувања лежат идеите за еманципација на луѓето преку обезбедување слободи кои потоа тие можат разумно да ги користат, во управувањето и организирањето на општеството. Имено, доколку општествата се организирани на транспарентен начин и со системи за управување кои обезбедуваат можности за напредок и пристап до јавните добра, тогаш социјалната хармонија и мирот ќе бидат достижни. Во овој контекст, толкувањето на мирот се проширува и од аспект на концептот за социјална правда.

Идејата за достигнување на мирот преку надминување на традиционалниот суверенитет, присутна е и во функционалистичката теорија. Имено, како што покажува и самата анализа, во рамките на функционалистичкиот пристап, концепцијата на меѓународните интеграции се базира врз стремежот за заедничко задоволување на потребите и интересите на наднационална основа, преку постепено проширување на областите на меѓународната соработка. Всушност, просперитетот остварен преку глобалната економска интеграција, функционалистите го перципираат како значаен предуслов за стабилниот и мироѓубив меѓународен систем, при што економското соединување во крајна линија треба да продуцира и политичко соединување помеѓу државите. Во овој контекст, концептот за мир се поврзува со концептот за економски и за одржлив развој.

**ЛИТЕРАТУРА:**


1. Braillard, P. (1974). Philospophie et relations internationals. Geneve: Institut Universitaire de Hautes Etudes Internationales.
2. Burgess, P. (2010). The Routledge Handbook of New Security Studies. NY: Routledge.
3. Cavcer, M. (1982). A Policy for Peace. London: Faber and Faber.
4. Daddow, O. (2009): International Relations Theory. London: SAGE Publications.
5. David, B. (1998). Political Theories of International Relations. Oxford: Oxford University Press.
6. DeVree, J. (1972). Political Integration: The Formation of Theory and its Problems. Paris: Mouton.
7. Devin, G. (2011). Making Peace: The Contribution of International Institutions. NY: Palgrave Macmillan.
8. Fukuyama, F. (1992). The end of history and the last man. NY: Free Press.
9. Galtung, J. (1984). There are Alternatives: Four Roads to Peace and Security. Notingham: Spokesman.
10. Георгиева, Л. (2007). Творење на мирот: мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна. Скопје: Филозофски факултет.
11. Howard, M. (1983). The Concept of Peace. Encounter.
12. Kant, I. (1936). Večni mir. Kulruna revija – Pregled. Sarajevo.
13. Keohane, R. (1982). After Hegemony: Cooperation and Discord in the World Political Economy. Princeton: Princeton University Press
14. Mearsheimer, J. (1990). Back to the Future: Instability in Europe after the Cold War. In: International Security Journal Vol.15, No.1.
15. McGrew, A. (2002). Liberal Internationalism: Between Realism and Cosmopolitism. In: Held, D., McGrew, A. (eds.), Governing Globalization: Power, Authority and Global Governance. Polity Press.
16. Miller, B. (2007). States, Nations and the Great Powers – The sources of regional war and peace. Cambridge: Cambridge University Press.
17. Mitrany, D. (1996). A Working Peace. Chicago: Qandragle books.
18. Morgentau, H. (1978). Politics Among Nations: The struggle for Power and Peace (5 eds.). NY: Knopf.
19. Philpott, D., Powers, F.G. (2010). Strategies of Peace: Transforming Conflict in a Violent World. Oxford: Oxford University Press.
20. Piccioto, R., Weaving, R. (2006). Security and Development – Investing in Peace and Prosperity. NY: Routledge.

21. Proudhon, P.J. (1863). Du principe federative. Paris: Libraire-editeur.
22. Roberts, D. (2011). Liberal Peacebuilding and Global Governance. NY: Routledge.
23. Viotti, P., Kauppi, M. (2009). International Relations Theory (4th eds.). London: Allyn and Bacon.
24. Waltz, K. (1979). Theory of International Politics. Reading: Addison-Wesley.
25. Waltz, K. (2000). Structural Realism after the Cold War. In: International Security, Vol.25, No.1.Cambridge: Cambridge University Press.
26. Wright, Q. (1953). Balance of Power and International Law. In: American Journal of International Law Vol.47, No.3. Cambridge: Cambridg